ZAJEDNICA UDRUGA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА ДРУШТВАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ
ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
MACEDONIAN COMMUNITY IN REPUBLIC OF CROATIA

CROATIA, ZAGREB, MASARYKOVA 16/1, ☎ +385 1 48 72 655, ☎/FAX +385 1 48 72 655
Žiro račun 30102 - 678 - 82341, Internet : http://pubwww.srce.hr/makedonci-rh

Урброј ЗМ- 5/ 2002
Загреб, 21.01.2002 г.

# З А П И С Н И К

од 10-тата седница на Управниот одбор на Заедницата на Македонците во РХ која се одржа на ден 14.01.2002.г. со почеток во 11,30 часот во просториите на Заедницата во Загреб, Масарикова 16/1.

Присутни: Илија Христодулов, Иван Качуров, Благоја Јовановски, Славица Сагадин, Јован Карпузовски, Ксенија Лазарева Јурановиќ ( по полномоштво на г-ѓа Весна Илиева - председателка на МКД Македонија -Сплит) и Никола Илиевски.
Гости: Владимир Крстевски - советник во Амбасадата на Р. Македонија во Р. Хрватска, Марјан Гиговски - член на Надзорниот одбор на Заедницата и Горан Стојковски - член на МКД Крсте Мисирков - Загреб.

Со седницата председаваше Председателот на Заедницата - Илија Христодулов.
По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број членови за донесување правно важечки одлуки се пристапи кон утвдувањето на предложениот дневен ред по предлогот на председателот - Илија Христодулов и предлогот за дополнување на истиот од страна на г-динот Благоја Јовановски.
По спроведената расправа присутните го прифатија и седницата се одржа по следниот

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Усвојување на записникот од 9-та седница и анализа на прославата на 10-годишнината од формирањето на Заедницата и одржаното год. Собрание.

2. Финансијски извештај и извештај за работата на Заедницата во 2001 год. ( Извештај за Македонски глас - поднесува гл. уредник - Б. Јовановски, а извештај за секое друштво- поднесува председателот на самото друштво).

3. Донесување на одлуки по приговорите и предлозите на Надзорниот одбор изнесени на редовното годишно Собрание одржано 08.12.2001 г. и именување на представник на Заедницата во Советот за национални малцинства.

4. Договор и донесување на одлука за доделување на признанија.

5. Разно.

Председателот на УО најпрво даде збор на г-динот Горан Стојковски да извести до каде е дојдено со припремата за отварење на Web- страница на Заедницата.

Г-динот Стојковски извести дека нема добиено податоци од сите друштва ( Задар и Риека), **а присутните го прифатија предлогот да друштвата од Задар и Ријека достават податоци до 31.01.2002 г.**

После тоа г-динот Стојковски нагласи дека иформациите би биле на македонски, хрватски и англиски јазик, а би биле опфатени податоци за Заедницата и друштвата, , новости за активностите на друштвата и културен дел -во три дела. Тој предложи да се реши организациското прашање во тој поглед што по негово мислење може или преку УО или пак да се одреди посебно редакцијско тело.

На поставеното прашање од страна на г-динот Б. Јовановски, г-динот Стојковски одговори дека самото формирање на страницата би било до 2.000,00 кн, а тоа би било поклон од негова страна за Заедницата, а одржувањето понатаму би било 100,00 до 200,00 куни месечно.

После тоа председателот предложи и после гласањето УО ги **прифати ( со 6 гласа- за и 1- создржан -** Б. Јовановски со образложение додека не се види финансирањето) следните предлози:

**-предлогот на г-динот Стојковски за формирање на Web-страницата -работата и финансирањето да биде реализирано од негова страна.**

**- да се испрати барање до Уредот за н. м. за финансирање за трошоците за одржување на страницата,**

**- да уредувачки одбор биде во состав на сите досегашни дописници на М. глас кои би доставувале прилози,**

**- за координатор на таа работа со можност да контактира со сите друштва едногласно е избран г-динот Г. Стојковски.**

Пред заминувањето г-динот Стојковски критички се осврна и на одржаното годишно Собрание. ( Г-динот Стојковски го сними со диктафон целосниот тек на седницата -од почетокот до неговото заминување ).

**Ад.1** По првиот дел од оваа точка г-динот Б. Јовановски ги изнесе своите критики дека записникот не бил потпишан, дека не било расправано за извештајот за првите 6 месеци, за патувањето во Македонија во вска со манифестацијата - IV денови на браќата Миладиновци и тн.

Во врска со тоа г-ѓата А. Рабузин нагласи дека еден дел од сето тоа што е изнесено е директна последица што Заедницата многу долго време нема секретар и дека тоа прашање треба да се реши.

Г-динот И. Качуров нагласи дека во врска со манифестацијата се знае дека постоеше и одбор и пододбор во кој беше и г-динот Б. Јовановски и одлуките како за книгата К. Миладинов така и другите одллуки се донесувани преку тој одбор и преку УО.

После тоа г-динот Б. Јовановски изрази барање да влезе во записник одлуката за пренамена на средствата на што председателот извести дека таква одлука е донесена и стои во записникот од седницата на УО -20.04.2001 и нагласи дека со Уредот е договорено таа пренамена да биде внесена во извештајот за 2001 г. и средствата за книгата на г-динот Б. Јовановски да бидат доставени во оваа година.

Г-динот Б. Јовановски побара на биде внесена допуна во записникот од предходната седница по точка 1. : **со изнесениот предлог за смена на Никола Илиевски од фунцијата -секретар на Заедницата се сложувам на основа на сослушување на другата страна.**

УО едногласно прифати **изнесената допуна во целост да се внесе во записникот.**

После тоа УО **со 6 гласа-за и 1-против ( Б. Јовановски ) го усвоји записникот од претходната седница.**

Пред поминувањето на другиот дел од првата точка, председателот му даде збор на г-динот В. Крстевски кој помеѓу другото присутните ѓи извести за ситуацијата во Македонија и за пописот кој треба да се одржи во Македонија оваа година за што од Амбасадата ќе бидат дадени потребни информации. Во врска со прашањето за патувањето на председателот И. Христодулов во Македонија во претходната година, г-динот Крстевски истакна дека помеѓу другото тоа патување овозможи да се воспостават многу корисни контакти со многу институции.
Г-ѓата С. Сагадин ги информира присутните дека од страна на друштвото во Пула е покренато братимење на градовите Пула и Велес за што председателот ја замоли г-ѓата Сагадин да во врска со оваа достави писмена информација до Амбасадата.
После тоа председателот го замоли г-динот Крстевски да пренесе порака до амбасадорот : С. Авзиу да во најскоро време планира посета во град Задар со цел да се помогне на друштвото од Задар во решавањето на прашањето за простор на делување на тоа друштво. Во врска со тоа председателот го замоли г-динот В. Карпузовски да по писмен пат се обрати до Градското поглаварство со молба за прием.

Во дискусијата што се водеше по другиот дел од првата точка учествуваа повеќе членови на УО.
Г-динот Б. Јовановски истакна дека тој не бил запознаен со програмата на прославата, дека програмата траела долго, дека УО требало најпрво да се сложи со говорот на председателот за прославата, дека признанијата не се поделија и тн.
Г-динот И. Качуров нагласи дека не е точно да не се знаело за програмата, за признанијата исто се знаело, но УО немаше време претходно да се состане да ги потврди предлозите на друштвата, а потоа Собранието да ги потврди, па после тоа да се поделат и тн.
Г-ѓата С. Сагадин се сложи со изнесеното од страна на г-динот Качуров, нагласи дека прославата беше добра и предложи сите да бидат пофлексибилни бидејќи, истакна таа во сето тоа ние сме аматери, а оваа да ни биде школа за понатаму.
Г-динот Јовановски повторно нагласи дека тој не се сложува со говорот на председателот изречен на прославата, дека неколку пати писмено се обраќал до председателот, а тој не му се јавил и одговорил,...
Председателот ги покажа писмата што ги примил и нагласи дека не одговорил и нити сака да одговара на такви писма бидејќи г-динот Јовановски бил на сите состаноци на УО и е запознаен со се. Понатаму председателот не се сложи со тоа дека неговиот говор треба предходно да биде цензуриран со што и останатите присутни се сложија.
После сето изнесено г-динот Јовановски нагласи: не се сложувам со записникот и со Собранието.
Понатаму останатите присутни се сложија досегашните грешки во иднина да не се повторуват и предложија да се продолжи со седницата по дневниот ред.
Председателот предложи **да се донесе одлука за формирање на комисија за изработка на пословник на работа на УО и на Собранието што е едногласно прифатено.**

**Ад.2** Председателот ги извести членовите на УО дека во врска со програмите за оваа година е реализиран состанок во Уредот за нац. малцинства со кој е задоволен бидејќи е дадено позитивно светло за финансирање и дека треба извештаите да се предадат до 15.01.2002 г. Од страна на г-ѓа М. Шимиќ е дадено ветување дека средствата за книгата на Б. Јовановски ќе бидат доставена во оваа година, а за настанатата пренамена г-ѓа Шимиќ предложи да дадеме образложение со замолба за одобрување на таа пренамена во извештајот од 2001 г.,а тоа е направено.

На прашањето во кое време може да се издаде книгата, г-динот Б. Јовановски истакна дека тоа би било во првата половина на оваа година, одн. до крајот на јуни, па во тој случај потребно е средствата да бидат доставени во тој период.
Во понатамошниот тек на седницата председателите ги предадоа извештаите за 2001 г. за своите друштва: за сите друштва освен за друштвата од Загреб и Ријека кои сеуште не се готови. Затоа присутните се сложија сите извештаи да се предадат во петок ( 18.01.2002. ).
После тоа се поведе дискусија за точно одредување на просторот за Заедницата и за друштвото во Загреб како би се разграничиле и режијските трошкови кои по мислењето на г-ѓа С. Сагадин како гледа по извештајот се преголеми. Во тој поглед присутните не донесоа нови одлуки.
После тоа председателот го стави на гласање прифаќањето на **извештајот за 2001 г. и истиот е прифатен со 6 гласа- за и 1 глас -против ( С. Сагадин ).**

**Ад. 3** По поминувањето на оваа точка од дневниот ред председателот и даде збор на г-ѓата К. Л. Јурановиќ која го постави прашањето како е решена набавата на 2 мобитела на што председателот објасни дека за набавата на мобителите е расправано на УО и дека тие мобители се имовина на Заедницата и после гласањето **прифатено е со 6 гласа -за и еден против ( Б. Јовановски ) да тие два мобитела се имовина на Заедницата.**
Понатаму г-ѓата Јурановиќ постави прашање -кој ја плати авионската карта за патувањето на председателот во Македонија на кое одговори г-динот Качуров дека се работеше за манифестацијата IV-ти дениви на браќата Миладиновци и беше проценето да се оди во Македонија и да се интервенира, а донесена е одлука на УО да се плати картата и тоа е направено.
Понатаму г-ѓата Јурановиќ во врска со прашањето за разрешување г-динот Н-Илиевски од функцијата- секретар постави прашање- да истиот одговори што тој направил-кои документи во тоа време кога бил секретар. Г-динот Илиевски на тоа почна да образложува како тој предлагал да се пишува решение за трансфер на средствата, како В. Јовески на негово барање на некои материјали му дал регистар со несложени документи и без уруџбени броеви и нагласи дека Б. Јовески нити знае, а за тие работи нити е стручен и тој е многу тежок човек,...
Г-динот И. Качуров нагласи дека секретарот е ступ на Заедницата, да тој припрема материјали за состанок, а г-динот Илиевски нити не плати членарина на време до крајот на јуни туку плати тек во 11-ти месец и тоа само 50,00 куни.
Г-динот Б. Јовановски истакна дека секретарот е избран на Собранието и тоа требаше да го разреши од таа функција.
После тоа председателот истакна дека е точно тоа дека Собранието бира член на УО, а УО бира секретар. понатаму нагласи дека и покрај несредените документи В: Јовески правеше извештаи на време, но тој е склон на самоиницијатива, но не е во ред да председателот дознава преку телевизија дека нашиот представникот во Советот за малцинства бил на состанок, а тоа го направил Н. Илиевски. Понатаму тој истакна и дека го имал во обзир и тоа што кога дознал за каква болест станува збор сакал да го поштеди г-динот Н. Илиевски, освен тоа, нагласи тој секој треба да си ја врши работата за која е задолжен. Понатаму председателот предложи да се најде компромис и тоа така што тој предлага да г-динот Н. Илиевски остане член на УО, а да се за секретар одбере друга личност, да се предложат 3 кандидата.
Г-ѓата С. Сагадин предложи да му се даде уште една прилика на г-динот Илиевски да биде секретар.

Г-ѓата А. Рабузин нагласи дека мора да се има во предвид дека односите се веќе нарушени и дека не е сеедно кога некој што нити платил чланарина, нити пак со друго придонесол за оваа Заедница доаѓа овде да критизира, да смета, да малтретира,тоа се случува овде, и затоа , нагласи таа- треба да имаме и да почитуваме некакви критериуми.
Понатаму председателот ги праша присутните дали се за таква одлука да г-ѓата Анка Рабузин биде и секретарка, на што г-ѓата С. Сагдин истакна дека би било добро да А. Рабузин биде и секретарка и понатаму да врши административни работи, а да се побара решение хонорарот да и се зголеми на 2.000,00 куни.
После тоа УО донесе **едногласна одлука: за секретарка на Заедницата е избрана г-ѓата Анка Рабузин.**
Понатаму е констатирано дека г-ѓата А. Рабузин нема право на потпис бидејќи воедно е и администратор на Заедницата.
Потоа УО донесе **одлука со 4 гласа -за и 2 гласа - суздржана да г-динот Н. Илиевски остане член на Советот за нац. малцинства.**

**Ад. 4** По оваа точка членовите на УО членовите на УО се сложија да на следниот состанок на УО се донесе одлука за доделување на признанија.

**Ад. 5** Г-динот Б. Јовановски истакна дека се сложува со примедбите на НО дека треба да се изработат критериуми по кои се одредуват хонорарите за Македонски глас и дека тој ќе ѓи изработи во соработка со дописниците. Понатаму тој нагласи дека не се сложува со мислењето на НО дека имало дупли хонорари.
На прашањето поставено од страна на г-динот Јовановски дали е исплатен и другиот хонорар на дописникот : И. Луетиќ што беше погрешно направено од страна на В: Јовески, председателот одговори дека тоа е решено.
Понатаму г-динот Б. Јовановски побара да се договори состанок со сите дописници пред излегувањето на следниот број, а на терет на средствата за Македонски глас.

После тоа г-ѓата К. Л. Јурановиќ побара да и се одговори на прашањата од темата на дописот кој го прочита, а во врска со претставувањето на книгата на г-динот К. Глигоров во Сплит, за што председателот и вети дека тој ќе дојде да присуствува на состанокот од УО на друштвото од Сплит во врска со таа тема и ќе одговори.

Состанокот заврши во 17,00 часот

Записничарка:
Анка Рабузин

Председател:
Илија Христодулов

ZAJEDNICA UDRUGA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
MACEDONIAN COMMUNITY IN REPUBLIC OF CROATIA

CROATIA, ZAGREB, MASARYKOVA 16/1, ☎ +385 1 48 72 655, ☎/FAX +385 1 48 72 655
Žiro račun 2340009-1100038804, http://pubwww.srce.hr/makedonci-rh

Урброј: ЗМ -5/2002
Загреб, 21.01.2002.

Д О П У Н А
на записникот од 9-тата седница на УО на Заеднуцата одржана на ден 06.10.2001.

УО на Заедницата на својата 10-та седница одржана на ден 14.01.2002. под точка 1. го прифати дополнувањето на истата со издвоеното мислење на г-динот Б. Јовановски и истата е составен дел на записникот од 9-тата седница Урброј, одн. Наш број: ЗМ 10 /2001 од 15. 10.2001.

Допуната гласи:
Б. Јовановски: **со изнесенниот предлог за смена на Никола Илиевски од функцијата - секретар на Заедницата се сложувам на основа на сослушување на другата страна.**

Претседател
Илија Христодулов